Уп. бр. 08-

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Друштво за експорт-импорт, трговија на големо и мало со текстил и конфекција FASHION COMPANY Друштво со ограничена одговорност, Белград со седиште на булевар Михајла Пупина 115б, 11070 Белград, Република Србија преку Адвокатско друштво Поленак од Скопје, на седницата одржана на ден 30.01.2025 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Друштво за експорт-импорт, трговија на големо и мало со текстил и конфекција FASHION COMPANY Друштво со ограничена одговорност, Белград со седиште на булевар Михајла Пупина 115б, 11070 Белград, Република Србија има намера да стекне самостојна контрола директно над АБ-Лајн д.о.о. Сараево, со седиште на Халиловиќи 6, 71000 Сараево, Босна и Херцеговина, по пат на купување на удел иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр. 17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08,130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на 30.12.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од Друштво за експорт-импорт, трговија на големо и мало со текстил и конфекција FASHION COMPANY Друштво со ограничена

одговорност, Белград со седиште на булевар Михајла Пупина 115б, 11070 Белград, Република Србија (во понатамошниот текст: FASHION COMPANY) со која FASHION COMPANY, ќе стекне контрола над АБ-Лајн д.о.о. Сараево, со седиште на Халиловиќи 6, 71000 Сараево, Босна и Херцеговина по пат на купување на удел.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

FASHION COMPANY е со регистрирана дејност - неспецијализирана трговија на големо.

Во Северна Македонија, FASHION COMPANY има едно регистрирано зависно друштво – Друштво за трговија на големо и мало со текстил и текстилни производи ЕУРОФЕШН ТРЕЈД ДОО увоз-ивоз Скопје, со регистрирано седиште на ул. Никола Кљусев бр.6, кат 7, Скопје и со Регистрираната дејност– трговија на мало со облека во специјализирани продавници.

АБ-Лајн д.о.о. Сараево е друштво кое се занимава со увоз и дистрибуција на облека, обувки и сродни модни додатоци, преку сопствена малопродажна и големопродажна мрежа.

АБ-Лајн д.о.о. Сараево нема регистрирани поврзани друштва во Северна Македонија не присутно во Северна Македонија и не остварил приход во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**